Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 23 став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10), а во врска со член 10 став 2 алинеја 3 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/09, бр.158/2010) Градоначалникот на Општина Кочани, донесе:

# ПРАВИЛНИК

## за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациската опрема во Општина Кочани

### Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациската опрема во Општина Кочани, во својство на Контролор, ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

### Член 2

Администраторот на информацискиот систем и овластените лица во Општина Кочани што имаат пристап до личните податоци и до информатичко комуникациската опрема кај Контролорот, ги имаат следните обврски и одговорности:

- да ги применува сите правила и процедури воспоставени со донесените интерни акти од страна на Контролорот за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- да ги применуваат сите мерки за физичка сигурност на просториите каде се наоѓа информацискиот систем на Контролорот;
- при секакво сознание, директно или индиректно, до кое ќе дојдат овластените лица во Општина Кочани кои имаат пристап на документите и информатичко комуникациската опрема на Општина Кочани, дека одредена ситуација укажува постоење на ризик од нарушување на системот за тајност и заштита на обработката на личните податоци кај Контролорот, било да се работи за внатрешен или надворешен ризик, мора да изврши пријавување кај администраторот на информацискиот систем;
- не е дозволено да се прекршуваат преземените обврски за доверливост, со кои се обврзуваат дека секој податок до кој ќе се дојде во текот на работењето кај Контролорот, а кој спаѓа во категоријата на личен податок, согласно Законот за заштита на личните податоци, ќе го чува како доверлив и нема да го пренесува, оддава, ниту на друг начин ќе го стави на располагање на било кое друго лице и во било која форма, надвор од системот на пропишани и воспоставени технички

и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- не е дозволено да се превземаат содржини од непознати, неавторизирани, непроверени, сомнителни или забранети интернет страници;
- администраторот на информацискиот систем и овластените лица во Општина Кочани што имаат пристап до личните податоци да ја чуваат доверливоста на својата лозинка;
- не е дозволено да се врши неавторизирано пренесување и/или користење на интерни документи и делови од нив или друга комуникација надвор од Општина Кочани.

**Член 3**

Администраторот на информацискиот систем и овластените лица во Општина Кочани е одговорно за соодветна примена на интерните акти кај Контролорот со кои се уредува заштитата на личните податоци, како и се одговорни доколку, како последица на прекршување или непочитување на некои од воспоставените мерки, биде загрозена тајноста на личните податоци што се обработуваат кај Контролорот или пак доколку дојде до нивна злоупотреба.

Под загрозување на тајноста на личните податоци се подразбира случајно или намерно постапување, непостапување или пропуштање од страна на овластените лица, како резултат на што се создаваат услови или можност да дојде до злоупотреба на личните податоци што се обработуваат кај Контролорот.

**Член 4**

Во случај на било какво прекршување или непочитување на било кој пропис или интерен акт од страна на администраторот на информацискиот систем и овластените лица во Општина Кочани, Контролорот задолжително спроведува постапка за испитување на причините, начинот и последиците од таквото прекршување, односно непочитување, заради спречување на настанување на слично прекршување или непочитување во иднина.

Во случаите од став 1 на овој член, Конторолорот спроведува и постапка за утврдување на одговорноста на овластеното лице согласно закон.

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на усвојување и истиот ќе биде објавен на интернет страницата на Општина Кочани.

Бр.03-2856/1
од 19.12.2011 година
Кочани

**Градоначалник**
**на Општина Кочани**
**Ратко Димитровски**

Изработил:
Драган Ананиев